Ванчо ЃОРЃИЕВ

# ПОЛИТИКАТА НА БУГАРИЈА КОН МАКЕДОНИЈА И ВМОРО 1904 -1906 ГОДИНА

Македонското прашање го заземало централното место во надворешната политика на бугарските влади од создавањето на Кнежеството Бугарија. Без исклучок, сите бугарски влади се залагале за присоединување на Македонија кон Бугарија. Во таа смисла, меѓу поодделните бугарски влади, разлика постоела само во методите и тактиката за остварување на целта.

Во прилог и на помош на бугарската владина политика кон Македонија, одела црковно-просветната активност на бугарската Егзархија. Оваа институција, која повеќето Македонци ја прифатиле како словенска црква, извршила големо духовно, културно и политичко влијание врз нив, што првобитно одело во прилог на официјалната бугарска политика. Меѓутоа, со текот на времето егзархиската еволуциона политика била надрасната и се наметнала потребата од нови форми на бугарското политичко влијание во Македонија. Со отворањето на трговските агентства во 1897 година, бугарската влада се стекнала со уште една значајна институција во Македонија, преку која можела директно да ги следи состојбите и пропагандно да влијае врз процесите, појавите, настаните и личностите во правец на своите политички намери.

Сè до појавата на Македонската Револуционерна организација во 1893 година, бугарската политка не наишла на посериозни внатрешни препреки при реализирањето на својата политика. Оттука, резултираат и напорите на бугарските влади[1], преку трговските агентства во Македонија, и по разни други канали во Бугарија, во прво време да воспостават контакти, а потоа влијание и контрола врз ВМОРО или врз одделни нејзини претставници за да ја стави во служба на сопствената политика во однос на Македонија.

Илинденското востание, во чиешто избувнување бугарската влада имала сериозно вмешано прсти, реформската програма, како и појавата на српската и грчката вооружена пропаганда, биле јасен сигнал, дека рас-

1 Св. Елдъров, Българските правителства и Вътрешната македоно-одринска революционна организация (1896-1912). Зб. 100 години Вътрешна македоно-одринска революциона организация. София 1994, 71-81.

плетот на македонското прашање, може да тргне во спротивен правец од бугарските желби. Истовремено, тоа покажало дека успехот на идната бугарска политка кон Македонија ќе зависи и од успешното контролирање на ВМОРО. Тоа, ја исфрлило на површина некоординираноста на бугарската политика во однос на Македонија од единствен институционален центар.

Во тоа време фактички двигател на бугарската внатрешна и надворешна политика бил Димитар Петков, лидер на народните либерали и министер за внатрешни работи на Бугарија.[2] Димитар Петков на 7 јули 1904 година, на кнезот Фердинанд му пишува: "Едно нешто, што треба да го направиме – тоа е да ја земеме Внатрешната македоноодринска организација во свои раце, заедно со Сарафов, за да не ни пречи."[3] Оваа идеја била споделена со Д. Агур, Хр. Матов и Хр. Татарчев, кои се солидаризирале со Димитар Петков во основните линии.[4] Димитар Петков, сфатил дека активноста на ВМОРО во Македонија се коси со интересите на бугарската политика дури и прави штета на меѓународен план.[5]

Од друга страна, Димитар Петков смета дека на српската и грчката вооружена пропаганда во Македонија, Бугарија треба да одговори на ист начин.[6]

Идеите и плановите за координираност на севкупната бугарска политика во однос на Македонија, како на внатрешен, така и на надворешен план, добиле практичен израз со формирањето на Второто политичко одделение при Министерството за надворешни работи на Бугарија во

2 Жеко Попов, Димитър Петков за българската политика по македонския въпрос (1903-1907 г.) (По случай 90-годишнината от убийството му). Македонски преглед, година XXI, 1998, кн. 2. София 1998, 58.

3 Исто, 68.

4 Исто.

5 Во едно писмо до бугарскиот дипломатски агент во Цариград – Григор Начович, бугарскиот министер за внатрешни работи Д. Петков на 10.09.1904 г. пишува: "На двапати ги викав Матов и Сарафов поодделно – им ги читав извештаите на нашите трговски агенти за лошиот впечаток, што го предизвикуват четите кај странците ... Им објаснив, дека,... ние губиме многу, дека светот ќе започне да се одвраќа од нас, дека треба да се мирува повремено, за да им се даде можност на Европејците да се уверат, да се убедат сами, дека Турците не се способни да воведат реформи ..." Жеко Попов, Димитър Петков за българската политика ... 67.

6 Во таа смисла Димитар Петков на 16 мај 1905 година му пишува на Начович: "Но границата не може херметички да се затвори. Одделни личности успеват да се провлечат да состават мали чети или да се присоединат кон постојните со специјална цел да противдејствуват на српските и грчките чети да ги покровителствуват Бугарите. Ако сакате, тоа не е толку лошо при сегашната ситуација во Македонија..." Но веќе претходно на 27 април 1905 г. Начович дознал од воениот министер генерал М. Савов дека бугарската влада во Македонија испратила чета од 150 лица за борба против српската и грчката пропаганда. Оттогаш испраќањето бугарски чети во Македонија станало вообичаена практика, а бугарската влада се нашла во една необјавена војна со другите пропаганди во Македонија. Жеко Попов, Димитър Петков за българската политика ... 77.

1904 година.[7] Задачата на ова одделение била "исклучиво да се занимава со македонските работи"[8]. За негов началник[9] бил поставен Тома Карајовов, активен член на Врховниот комитет и поранешен секретар на бугарските трговски агентства во Битола и Одрин.[10] Тома Карајовов, Македонец по род, бил во бугарското диполоматско претставништво во Рим,[11] шеф на Бугарските конституциони клубови во Македонија за време на Уриетот,[12] и кандидат на парламентарните избори за отоманскиот параламент во 1908 година.[13] Поради тоа, изненадува јавашлукот и заспаноста на османлиските власти што дозволиле еден висок бугарски политичар да заземе водечка улога во политичкиот живот на Османлиската империја и директно од Македонија да спроведува големобугарска завојувачка политика.

Второто политичко одделение при Министерството за надворешни работи на Бугарија, врз основа на сознанијата добиени преку трговските агентства и по разни други разузнавачки канали, изготвувало анализи, планови и програми врз кои се градела бугарската политика кон Македонија. За таа цел на 25.03.1906 г., бил подготвен опширен извештај на 36 страници машинопис.[14] Притоа од сопствен аспект сеопфатна анализа за ситуацијата во Македонија и ВМОРО, за успесите и недостатоците на бугарската политика. Истовремено, препорачува средства и

7 Во бугарската историографија основањето на Второто политичко одделение непрецизно се датира. Според Жеко Попов идејата за Второто политичко одделение ја добила својата реализација "од почетокот на 1906 г.", Жеко Попов, Димитър Попов за българската политика ... 68. За разлика од него според Милен Михов, ова одделение било формирано во 1905 година, Милен Михов, Един рапорт на Второто политическо отделение при Министерството на външните работи и на изповеданията по македонския въпрос (1906 г.), Македонски преглед, година XXI, 1998, кн. 2, София 1998, 119., Меѓутоа, Второто политичко одделение било формирано во втората половина на 1904 година, види: Ванчо Ѓорѓиев, Бугарски документ од 1906 година за состојбите во Македонија и ВМОРО и бугарската политика кон нив, Историја XXXIII/1-2, Скопје 1997, белешка 4, 78.

8 Рапорт за дѣятелноста на II политическо отделение при Министерството на вънкашните работи, Архив на Македонија, фонд: Бугарски генерален конзулат – Солун 1896–1915, микрофилм 4294, ф. бр. 3, опис бр. 8, а.е. бр. 831, л. 1.

9 Во врска со комбинациите за можни началници на Второто политичко одделение види: Ванчо Ѓорѓиев, Бугарски документ ..., белешка 4, 78. Според Жеко Попов, негов началник бил Т. Вернаца, види: Жеко Попов, Димитър Петков за българската политика ...68, Последното го побива Милен Михов, Един рапорт ..., белешка 1, 118.

10 Милен Михов, Един рапорт ... 118.

11 Манол Пандевски, Македонското ослободително дело во XIX и XX век, том петти, Скопје 1986, 528.

12 Исто, 370.

13 Ванчо Ѓорѓиев, Петар Поп Арсов, Прилог кон проучувањето на македонското националноослободително движење, Скопје, 1997, 129–130.

14 Документот е непотпишан, најверојатно е составен од началникот на II политичко одделение. Види: Св. Елдъров, Българските правотелства и Вътрешната македоно-одринска революционна организация.... 78.

методи за поуспешно реализирање на перспективната политика на Бугарија кон Македонија.

Во посочената анализа најмалку простор и внимание е посветено на меѓународните фактори и нивното влијание врз македонското прашање. Притоа, се резимира дека Мирцштегските реформски зафати во Македонија, како и грижите и врските на бугарскиот кнез "кои тој среќно ги негува со големите владетели на силните држави", придонеле за подобрување на ситуацијата во Македонија, но во исто време и за растот на "бугарската идеја за Македонија".[15] Сепак, на крајот се констатира дека "резултатите кои минатата година ни ги донесе на меѓународната сцена, многу се далеку од нашата цел".[16]

Во вториот дел од извештајот се анализира активноста на српските и грчките чети како и на османлиската власт, како три значајни фактори што ја парализирале бугарската активност во Македонија. Заклучокот е: "Напорите на овие три фактори, визираат една иста цел, а таа е: да се направи невозможна автономијата на Македонија, под хегемонија на Бугарите".[17] Нивниот успех бил резултат "благодарение на едно општо растројство" што ги зафатило бугарските фактори во Македонија и "на недостиг на хармонија" помеѓу нив. Поради тоа, се вели во извештајот со "жалење треба да се признае, дека здружените напори на Грците, Србите и Турците дале резултати, кои ја сочинуват", бугарската "пасива и ја најавуваат како уште поголема, во блиската и подалечната иднина".[18]

Сосема реално, при проучувањето на српската и грчката пропаганда во Македонија, II политичко одделение заклучува дека српската пропаганда, поради својата тактика е во предност пред грчката, но нејзиниот успех е за сметка на бугарската. Освен тоа, се истакнува дека она што бугарската пропаганда го поседува во Македонија е "спечалено за сметка на Грците, но, она на што Србите полагаат надеж" го одзеле од Бугарите. Оттука, следува и заклучокот дека не Грците, туку Србите се опасниот непријател за Бугарија.[19] Како и да е, Србите и Грците биле "против автономијата и бараат да се создадат услови, кои ќе ги поткрепат нивните претензии за делба" на Македонија.[20] Меѓутоа и покрај тоа во Бугарија владее оптимизам за што се вели: "Од Грците ние го зедовме својот данок и не ќе го пропуштиме следниот момент повторно да го собереме, дури и со лихва. Од Србите и Власите не сме добиле уште ништо, но тоа не ја исклучува можноста да го земеме она што ни следува".[21]

15 Ванчо Ѓорѓиев, Бугарски документи..., 81.

16 Исто 81.

17 Исто.

18 Исто.

19 Исто 82.

20 Исто 83.

21 Исто 85.

Оттука, се поставува прашњето: од каде надежта за оптимизам? Одговорот го дава самиот извештај, велејќи: "За разбудување на бугарските национални чувства ... заслуги имаат црквите и училиштата".[22] За проширување на бугарското национално чувство во Македонија и за спроведување на бугарската идеја, се препорачува да се искористи ВМОРО. Без сомнение, ВМОРО е прифатена како релевантен фактор кој може да игра значајна улога при разрешувањето на македонското прашање, но спротивно од бугарските интереси. Имајќи предвид дека доминантен елемент во ВМОРО биле македонските егзархисти, се верува дека тоа може да се искористи како лост за спроведување на бугарската политика кон Македонија. Но, Организацијата била прифатена и во многу македонски села што ја признавале Патријаршијата, како и многу други "со небугарска национална тенденција".[23] Фактот, што Организацијата имала доминантно влијание врз Македонците, независно од нивната конфесионална припадност, од II политичко одделение се смета како погодност, која треба да се искористи за воспоставување на политичко влијание врз сите Македонци.

Дури тогаш "голем ќе биде триумфот за бугарската идеја", особено ако околу неа се собере "хетерогениот дел од малцинствата"[24] и "кога ние (Бугарите б.н.) ќе успееме да ги откинеме посрбените Македонци од српските конзули и агитатори, за да ги впрегнеме во нашите задачи".[25] Оваа задача можела да се оствари со поддржување на интернационалниот карактер на ВМОРО. Меѓутоа, во врска со тоа постои извесна резерва за што се вели: "Интернационалност во Организацијата не ќе рече прекинување на сите врски и одрекување од нашата (бугарската б.н.) народност, како што проповедаат некои диви социјалисти од типот на Сандански[26] и Чернопеев".[27]

Егзархијата и нејзиниот разгранет црковно-просветен апарат врз која се потпирала бугарската политика во Македонија, била еден од најзначајните фактори од кој во голема мера зависел успехот на бугарската политика.

Токму затоа, II политичко одделение, во својот извештај и отстапува посебно место. При анализата на егзархискиот црковно-просветен апарат

22 Исто.

23 Исто.

24 Исто 86.

25 Исто 85–86.

26 Треба да одбележиме дека одрекувањето на Јане Сандански од "бугарското национално чувство" и неговото тврдење дека Македонците се посебен народ не е единствен и коинцидира со други искажувања во таа смисла. Види Ванчо Ѓорѓиев, Бугарски документ ... белешка 11, стр. 86–87. За нас е поинтересно што и за Христо Чернопеев се вели дека се одрекувал од бугарската народност, бидејќи тој по потекло навистина е Бугарин.

27 Исто, 86.

во Македонија, се изнесуваат заслугите и успесите, неговите недостатоци, но и идните задачи што треба да бидат во согласност и во служба на официјалната државна политика. Според тоа, најголемата заслуга на училиштата е што тие "го создадоа бугарскиот народ", а на Егзархот му "припаѓа честа ... за разбудувањето на сознанието кај Македонските Бугари".[28] Тоа е едно ретко признание на официјална бугарска државна и политичка институција дека пробугарското расположение кај дел од македонските егзархисти е резутат на бугарската црковно-училишна пропаганда, а не на еден природен процес, како што вообичаено се тврди. За училиштата со задоволство се констатира дека "хуманитарното образование ја заврши својата мисија и ги даде своите резултати".[29]

Меѓутоа, според оваа анализа, постојните училшта и нивниот образовен систем откако го дале максимумот, требало да претрпат извесни промени, бидејќи понатамошна активност со старите методи би била бескорисна, дури и штетна. Во врска со тоа се истакнува: "Условите на животот денес и перспективата, која се отвара за блиската иднина не се исти како пред 25 години ... Секој систем, кој откако го дал плодот, е надминат од животот и не може да се поддржува без ризик да го уништи тоа, што било порано создадено од него".[30]

Од каде доаѓа стравот од поддржување на постојниот егзархиски училишен систем во Македонија? Без сомнение, тој страв е природен, логичен и оправдан. Егзархиските учители во Македонија, од појавата на Револуционерната организација, "продуцирале повеќе распалени патриоти, а помалку луѓе способни, да си го извадат лебот и да застанат на свои нозе во животот".[31] Оттука се поставува прашањето дали со кадрите што ги создавале бугарските училишта во Турција може да се остварат бугарските задачи во Македонија? Авторот на документот одговара: "Се плашам, дека бугарската автономија ќе биде изгубена за нас ..."[32] Според бугарските политички потреби: "Автономијата (на Македонија б.н.), ако таа се оствари, нам не ни е потребна како одвлечен принцип на слободата. Таа, треба да биде или бугарска автономија или никако."[33] И повторно авторот се прашува: "Со кои сили ќе станеме господари на автономијата, која нè чини толку крв и енергија?".[34] Дури и нешто повеќе, тука се признава една историска вистина дека управувањето на Источна Румелија било спасено благодарение што руските војски го приложиле органскиот

28 Исто, 89.

29 Исто.

30 Исто.

31 Исто, 90.

32 Исто.

33 Исто, 89.

34 Исто.

устав. Но се изразува сомнеж дека тоа може да се случи и со Македонија, "дури и бугарските полкови да стапнат таму."[35] Поради тоа се предлага реорганизација на егзархиското образование во Македонија. Тоа треба да продуцира способни луѓе само да го извадат сопствениот леб, но не и "распалени патриоти", кои ќе ја попречуваат бугарската политика кон Македонија.

Што се однесува до Егзархијата се изнесува дека ниското духовенство, кое е произлезено од народот "без потребните подготовки за неговиот висок повик товарот на времето го влече, како и колку што може". Но за високото духовенство критиката е поостра, тоа е "Слабо подвижно до мрзеливост ... лишено од такт ... на секој чекор во конфликт со своето патство ... тоа духовништво во многу случаи само ја врши работата на нашите (бугарските) непријатели."[36] Политика на Егзархијата кон Организација се сведува на "тешкотиите и олеснувањата при назначувањето на учителскиот персонал, – носител на револуционерната идеја".[37]

Второто политичко одделение, најголемо значење и простор во својата анализа и посветува на Револуционерната организација. Со тоа и го признава доминантното место на ВМОРО во македонскиот општественополитички живот.

Нормално ВМОРО, претставувал сериозен фактор пред балканските и европските земји, кој во евентуално погодни меѓународи политички услови, можел да изврши силно влијание врз решавањето на македонското прашање.

Творците на ВМОРО, имајќи ја предвид комплексноста на македонскиот проблем, во сложената балканска и европска констелација за политичка цел определиле "полна политичка автономија на Македонија". Христо Татарчев пишува дека тие се определиле за "една попластична фигуративна форма– автономија на Македонија во нејзините географски и етнографски граници... Ние не можевме да дејствуваме поинаку и да ја предрешаваме судбината на македонскиот народ, нему му оставивме понатаму да си ја кова судбината...". [38] Несомнено основачите на ВМОРО автономијата ја прифатиле од тактички причини. Прво, за оваа формула имале една меѓународна поткрепа во член 23 од Берлинскиот договор. Второ, со автономијата формално правно не се нарушувал територијалниот интегритет и суверенитетот на Османската империја. Трето, на тој

35 Исто.

36 Исто, 91

37 Исто.

38 Д-р Христо Татарчев, Вътрешната македоно-одринска революционна органияация като митологична и реална същност, Съставители: Цочо Билярски, Валентин Китанов, София 1995, 25.

начин полесно можело да се привлече поголемиот дел од населението во Македонија, кое било раздробено од пропагандното дејствување на соседните балкански држави. И четврто, со тоа оставиле маневарски простор за да се бара морална и материјална поддршка за Организацијата од соседните балкански држави.

Зад автономниот принцип Организацијата криела повисоки намери за создавање самостојна македонска држава. Тоа најјасно е дефинирано во 1905 година во официјалниот орган на ВМОРО – Революционерен лист, каде се вели: "Автономна Македонија од Организацијата се сфаќа како самостојна држава".[39] Овој јасен став изнесен јавно во официјалниот печатен орган на ВМОРО не можел да биде непознат на бугарските политички кругови, а особено на II политичко одделение чија задача била само да се занимава со македонските работи.

Меѓутоа и покрај тоа, во извештајот се изнесува невистина дека целта на Организацијата е "неопределена – таа е автономија, гарантирана и приложена од големите држави", потоа дека ",автономијата треба да биде бугарска или никако" и дека "е такво сфаќањето на основачите на Организацијата и врз таа точка, тие се во полна хармонија со инстинктите на широката маса.[40] Но, сепак оттука произлегува едно сериозно прашање за бугарската политика. Имено, "како треба да се разбере автономијата, како една времена формула или како постојана политичка формула? И има ли реална опасност за народното единство од прифаќањето на таа формула?"[41] Одговорот е "... автономијата, треба да се разбере (како б.н) момент од политичката еволуција на целиот бугарски народ, ... момент (кој б.н) доведе до триумф на бугарската идеја на Балканскиот Полуостров."[42]

Меѓутоа, II политичко одделение неможе да ја избегне и да ја скрие вистината, од едноставна причина што, токму таа, ги поматува плановите на бугарското сфаќање за автономијата. За тоа се вели: " За жал идејата за автономна Македонија се оцрни и во нејзините основи и во нејзините резултати. Едни се незадоволни од претставниците на автономниот принцип, и за да ја потцртат појасно својата мисла им го прикачуват на истите терминот сепаратисти, со едно сфаќање, кое ја пресекува секоја политичка врска меѓу Кнежеството и Македонија во иднина. Други со своите мисли се наоѓаат во облаци и откако земат, а la lettré извесни принципи од статутите на Организацијата, идеализираат една нова ситуација во Македонија, при која високите начела на слободата, братството и еднаквоста ќе изгрееле како, Deus ex machina и сега спротиставените на-

39 Официйална притурка, Революционненъ листъ, 2 юни 1905, 3.

40 Ванчо Ѓорѓиев, Бугарски документи..., 92.

41 Исто.

42 Исто 93–94.

роди едни против други, ќе заживееле тивко и мирно како јагненца".[43] Правејќи историска ретроспектива за појавата и карактерот на македонскиот сепаратизам, II политичко одделение жали што бугарските власти своевремено не нашле начин да го искористат македонското сепаратистичко движење и во него да вовлечат извесна доза на бугарска политика. На крајот се констатира дека сепаратистите "...ја претставуваат идејата за автономна Македонија...".[44]

Меѓутоа, според анализите на II политичко одделение, во ВМОРО постоела уште една голема антибугарска групација, која по своите цели и начин на дејствување е многу поопасна. Нејзините претставници се оквалификувани како луѓе кои "ја оцрнуват автономијата и предизвикуват сомневање во нивните чувства кон народното (бугарско б.н.) единство".[45] Тие "мислат, дека можат лесно да се отцепат ... гледаат пречки во одделните аспирации на секој народ за територијално проширување ... тие се одрекуваат од политичката целина со Бугарија и претпочитат да образуват од Македонија одделна политичка единица, која ќе послужела, барем како јатка на идната Балканска федерација".[46] "Луѓето од таа група се вдахновуват од мислата дека живеат за Македонија и само за Македонија" Тие се хранат со илузии да не допуштат на бугарскиот кнез да стави кралска круна на својата глава за сметка на Македонија" и "да ја бранат земјата од пљачката на кнезот".[47]

Оваа групација се појавила како брутална реакција на генерал Цончев и неговата активност.[48] Всушност, тие биле македонски борци против врховизмот, кои ја бранеле самостојноста и независноста на ВМОРО и на Македонија. Вистинските мотиви за нивните кристални македонски определби не се побарани, туку тие се толкуваат како резултат на нивната идеолошка определба, бидејќи биле "социјалисти".[49] Очигледно, причината за спротивните погледи на овие дејци со официјалната бугарска политика во однос на Македонија се бара во идеолошките различности. Навистина, меѓу нив имало социјалисти, но, повеќето биле револуционери – демократи со различно политичко убедување. II политичко одделение изнесува уште една поголема невистина тврдејќи дека "меѓу водачите на таа група нема Македонец" туку "сите се од Кнежеството".[50] Напротив, водачи на оваа група беа Македонци од

43 Исто, 94.

44 Исто, 96.

45 Исто.

46 Исто, 96–97.

47 Исто, 97–98.

48 Исто, 96.

49 Исто, 97.

50 Исто.

Македонија, но меѓу нив имало и Бугари од Кнежеството како Христо Чернопеев и Тодор Паница.

Имајќи ги предвид ставовите на оваа групација за самостојна македонска држава, се поставува прашањето дали таа е опасна за бугарското "национално единство?"[51] и каква ќе биде нејзината иднина. Одговорот е мошне сликовит, тие се: "... буен поток, кој се одвоил од општиот тек на големата вода, кој тече низ стрмниот брег ... повлекува сè што наоѓа пред себе што е послабо од него. Но тој нема да го избегне коритото на тивката и длабока вода од чии извори се одделил, и тој не може, а да не се слее со неа, да не биде проголтан од неа".[52] Надеж за оптимистичката констатација дава "примерот на Источна Румелија, тој со Крит и оној со Италија".[53] Оттука, се гледа ставот на Бугарија, дека автономна Македонија треба да се обедини со Бугарија по примерот на Источна Румелија.

Според II политичко одделение, оваа група до Илинденското востание не можела да дојде до израз заради силната централизирана власт во Организацијата. Меѓутоа, по илинденската криза ѝ дала можност за "конкретно оцртување"[54], дури, и да се наметне на Рилскиот конгрес. Всушност, тоа било реформско-демократското крило на ВМОРО, кое на Рискиот конгрес однело полна победа. На Конгресот Ј. Сандански, Б. Сарафов и Ѓорче Петров си подале рака наспроти Даме Груев кој се обидувал да ја растури нивната "коалиција" со помош на генерал Цончев, но без успех.[55] Тоа му дало "крилја" на Сандански и групата што ја предводел на Рилскиот конгрес.[56] Меѓутоа, и покрај тоа, II политичко одделение тврди дека оваа група "не ќе може да ги шири своите дејствија и идеи", бидејќи во меѓувреме се издеференцирале "две умерени групи, кои без да ги дели некоја разлика, сочинуваат посебност за себе и се под ударот на третата." Резултатот од тоа би бил "самоистребување" и "самоуништување".[57]

II политичко одделение ги анализира двете основни начела на Организацијата – внатрешност и самостојност. Заклучокот е дека двата принципа, биле последица од меѓупартиските борби во Бугарија и експлоатирањето на македонското дело од бугарските политички партии.[58] На македонските револуционери им се признава правото да ја

51 Исто.

52 Исто.

53 Исто.

54 Исто, 98.

55 Во врска со тоа види: Ванчо Ѓорѓиев, Петар Поп Арсов... 108–109.

56 Ванчо Ѓорѓиев, Бугарски документ..., 98.

57 Исто.

58 Исто, 99

бранат самостојноста на Организацијата од "групните посегања", но, спроведувањето на овие начела до "крајност" би било "нецелесобразно", со интересите на Кнежеството. Сепак, се изнесува дека Организацијата, трпела индиректни партиски влијанија од Бугарија и дека во "важни моменти пројавувала дух на солидарност со Кнежеството и со инспирациите што доаѓале од него".[59]

Гледано низ призмата на бугарската влада за таквата состојба во ВМОРО, постојат 4 причини. 1) Индиректното влијание на партиските ставови; 2) Недостиг од анализа; 3) Генерал Цончев со својта брутална и безуспешна тактика да ја заземе Организацијата и да ги отстрани или замени дотогашните водачи; и 4) Непостоењето на едно лице, што ќе ужива авторитет во Организацијата, но и доверба кај бугарските раководители.[60]

За првата причина се обвинуваат бугарските опозициони кругови од 1895 година, кои за тогашното врховистичко движење во Македонија истакнувале дека е создадено и поддржувано "како орудие за признавање" на кнезот. Тоа објаснување го прифатиле сите, што предизвикало "негативни"[61] ефекти. Меѓутоа, бугарската опозиција постепено еволуирала, настојувајќи да земе учество во градењето на големата бугарска држава. Како резултат на оваа еволуција произлегло правилното сфаќање за народните судбини кои "почиват врз трите основни елементи ... една Династија, една Црква, еден Народ."[62] Дел од еволуционистите се нашле во ВМОРО преставувајќи го умерениот тек во неа. Меѓутоа, од еволуција и нејзиното сфаќање, многу далеку се наоѓале крајните елементи во Организацијата – едни поради социјалистичкото учење, други заради недозреаноста за еволуцијата.

II политичко одделение, ја презентира и поделеноста во ВМОРО[63], при што прави некои грешки. Не утврдивме од кои побуди авторот на документот го прави тоа, сигурно не од незнаење, кој знае? Можеби тенденциозно! Според него првата групација ја претставуват Даме Груев и Иван Гарванов. Тие биле умерени со зрели погледи, го претставуват здравиот елемент во Организацијата и биле мнозинство.[64] Меѓутоа, Д. Груев и неговата групација, по Рилскиот конгрес, воопшто не беа мнозинство, додека влијанието на Гарванов било незначително мало, тој дури не бил избран за делегат на Конгресот.

59 Исто.

60 Исто, 100.

61 Исто.

62 Исто, 101.

63 За поделбите на ВМОРО, по Рилскиот конгрес види: Ванчо Ѓорѓиев, Петар Поп Арсов..., 108–124.

64 Исто.

Во втората групација биле Ѓорче Петров и Јане Сандански[65], кон нив се вбројуват Борис Сарафов и Пере Тошев. Притоа, се тврди дека оваа група е создадена заради "личните и моменталните интереси на некои од нив".[66] За ставовите на Сандански и Сарафов, едноставно се вели тие се "познати". За Ѓорче Петров се вели дека е поблизу до Груев и Гарванов, но ја нема нивната политичка еволуција. За Пере Тошев се тврди дека припаѓа во групата без самиот да може да го оправда тоа со некои "општествени мотиви". Очигледно авторот на документот не сфатил или не сакал да разбере дека обединувачка алка меѓу Ј. Сандански, П. Тошев, Ѓ. Петров, и другите што гравитирале кон нив била заедничкиот став за децентрализација на ВМОРО и самостојност на Организацијата и Македонија. Додека Б. Сарафов, тука бил вовлечен од Ѓорче Петров во замена на неговата смртна казна на Рилскиот конгрес му била заменета со условна. Очигледно, кон оваа групација не се вброени другите истакнати дејци што навистина ѝ припаѓале за да се омаловажи и обезвредни нејзината сила и идеја за самостојна македонска држава.

Трета групација е претставена во лицето на генерал Цончев. Нему тоа место неоправдано му е доделено, бидејќи тој и не и припаѓаше на ВМОРО, туку беше нејзин непријател. Тој работел неколку години за да се наметне над целата Организација, но неговиот план "добро замислен, беше лошо спроведен и затоа пропадна".[67] Влијанието на генерал Цончев не било подалеку 50–60 километри од границата. Поради тоа се прашува"дали во таква мизерна улога требаше да се исцрпува енергијата на еден бугарски генерал?"[68]

Според II политичко одделение факторите што влијаеле врз успехот на бугарската политика во однос на Македонија генерално се поделни на неповолни и поволни. Неповолни се: 1. меѓународната реформска акција во Македонија, која налага зачувување на постојната политичка ситуација; 2. активноста на Турците, Грците и Србите, кои ја компромитират автономијата; 3. Егзархијата, со нестабилна легална положба, без внатрешен ред и дисциплина, со лошо уредени училишта, и несоодветен систем на образование со новите услови и идните бугарски задачи; 4.изнемоштеното население и Организацијата. Последната, до степен да неможе да им се спротивстави на своите непријатели, и која се истоштува во меѓусебни расправии.[69]

---

65 Несомнено, најопасен непријател за бугарската политика во Македонија бил Јане Сандански, токму затоа, Тома Карајовов, за време на Уриетот скроил план за киднапирање на Сандански во Солун и со бугарски брод "да се испрати како подарок на бугарските правосудни органи во кнежеството". Манол Пандевски, цит. дело, 528.

66 Исто.

67 Исто,102.

68 Исто.

69 Исто, 102–103.

Наспроти тоа, како благопријатни фактори се потенцираат: 1. идејата за слобода на сите, околу која можат да се придобијат привrзаниците на другите пропаганди во Македонија; 2. симпатиите на обрзованиот свет и поддршката од него; 3. изнемоштеното, но бестрашно население; и 4. солидарноста на населнието од непријателските пропаганди во името на ослободителната идеја.

Во таков сплет на околности II полтичко одделение ја дефинира бугарската задача по македонското прашање: "Од една турска Македонија, ние треба да создадеме една цела, неделива и бугарска Македонија".[70] Истовремено се предупредува: "прашањето за делба на Македонија со нашите соседи длабоко ги збунува духовите и е со опасности од најтешка природа. За тоа прашање добро е да не се говори, дури и да не се мисли".[71]

За реализирање на така поставената цел требало да се дејствува securities полека и константно за проширување на реформската акција врз основа која се совпаѓа со бугарските цели. Од друга страна требало да се воспостави политичка рамнотежа меѓу бугарскиот и турскиот елемент, без да се чека на добрата волја на султанот, зашто тоа би било самоубиство. Најважно од сè било да се воспостави хармонија помеѓу бугарските фактори во Кнежеството, Егзархијата и Организацијата.[72]

Последното би се реализирало при следните услови:
а) *Во однос на Егзархијата:* 1) во прв погоден момент да се стабилизира нејзината легална состојба; 2) да сс воспостави повеќе ред и дисциплина во неа преку одговорни институции и лица; 3) со кредит, во вид на заем, или друг начин, да се изградат најнеопходните училишта; 4) зголемување на егзархискиот буџет, специјално за подобрување на персоналот во селските училишта. Оваа мерка се практикувала од 1905 година. Имено Димитар Петков изразил готовност по селата во Македонија да се издржуват 20 бугарски учители без работа за да го крепат бугарскиот национален дух. Но, откако разбрал дека за учебната 1905/906 година на тој начин се назначени повеќе од 160 учители ја откажал нивната издршка поради недостиг на средства.[73] 5) Паралелно со постојниот образовен систем да се воведе и професионално образование кое ќе го опфати животот во сите негови сфери.[74]
б) *Во однос на Организацијата,* да се помогне соземањето на Организацијата, но под водство на умерените елементи, и поставување хармонија меѓу сите. Тоа треба да се оствари во две етапи. Во првата

70 Исто, 103.

71 Исто.

72 Исто, 103–104.

73 Жеко Попов, Димитър Петков за българската политика... 70–71.

74 Исто, 104.

етапа се препорачува: 1) полицијата строго да ги следи сите обиди на Организацијата на незаконско собирање финансиски средства. Со тоа ВМОРО би се довела во финансиска криза, поради што ќе затропа на вратите на бугарската влада. Според нашите поранешни сознанија оваа мерка била ставена веднаш во сила. Како резултат на нејзината примена до почетокот на јули 1906 годин во полицијата пристигнале 25 пријави за насилно изнудување средства од страна на Организацијата. Полицијата како "интелектуални виновници" за тоа ги притворила задграничните претставници Петар Поп Арсов, Димитар Стефанов и Ѓорче Петров.[75]

Втората мерка е во директна зависност со првата. Во неа се предвидува на постојното Задгранично претставништво да му се даде финасиска помош директно, а не преку трети лица. Со таа постапка се настојува да се компромитираат основните начела на Претсатвништвото од кои произлегол неговиот избор. На тој начин се предвидеува дека ќе се постигне раздор меѓу Претставништвото и луѓето околу Сандански, како и на останатите елементи со стари разбирања, па така ќе им се наметне еволуцијата на останатите умерени елементи.[76] Според нашите сознанија, Задграничното претставништво останало доследно и не наседнало на таквите провокации.[77] Како трета мерка од првата етапа за потчинување на ВМОРО се препорачува: да се натера генерал Цончев, формално да ја растури својата група и да влезе во Организацијата, за да се слее со умерените елементи;[78] 4) Постепено и тактички со допуштените закони во Кнежеството, да се отстранат и направат безвредни екстремните елементи, кои никогаш нема да се вразумат. Очигледно, се алудира на Сандански и неговите сомисленици. 5) Да се убеди Егзархот, за учители во Македонија да назначува луѓе, кои ќе му се препорачаат по заобиколен пат, со што ќе се избегнат непотребните судири меѓу Егзархијата и Организацијата.

По реализирањето на првата етапа, веднаш треба да започне втората. Таа содржи конкретни воени димензии. Во неа се предвидува: 1) испраќање на бугарски офицери во Македонија како нелегални дејци со мисија да ја проучуват топографијата на земјата, да се запознаат со населението и условите за живот и да подготват кадри што ќе притекнат на помош на бугарските развеани знамиња, кога тој момент ќе стане неизбежен; и 2) да се изврши заокружување и организирање на револуционерните реони со стратегиско значење по специјални наредби од Генералштабот на бугарската армија. Притоа, се напоменува дека за топографските проучувања на Македонија, можат да се искористат

75 Попишано за тоа види: Ванчо Ѓорѓиев, Петар Поп Арсов..., 110–111.

76 Ванчо Ѓорѓиев, Бугарски документ..., 104.

77 Види: Ванчо Ѓорѓиев, Петар Поп Арсов..., 109–124.

78 Ванчо Ѓорѓиев, Бугарски документ..., 105.

поинтелигентните учители и студенти од Македонија за кои би се организирале специјални курсеви по топографија.[79]

*в) Во однос на пропагандите и нивните чети*

За успешно спротивставување на останатите пропаганди во Македонија се препорачува поткупување на турски чиновници, кои "можат да направат многу повеќе"[80], отколку бугарската п шитика. За сето тоа биле потребни "пари и пак пари, можеби не многу, неколку десетици илјади лева, штедливи и рационално трошени од Агентставата".[81] За борба против српската пропаганда се предлага искористување на Македонците во Белград што гравитирале околу весникот "Автономна Македонија". Истовремено два-три весникари да заминат за Швајцарија и во името на "србизираните Македонци" со еден весник оттаму да ја атакуват српската пропаганда. Паралелно со тоа, 2–3 бугарски офицери да се инфилтрират во српските чети во Кичевско и откако ќе се здобијат со авторитет и влијание да ја преуземат ситуацијата во свои раце, а потоа со помош на други чети да не остават никаква трага од српските чети и пропаганда. За намалување на грчкото и српското влијание во Македонија, треба да се изберат 4–5 "вистински Македонци" кои ќе агитират меѓу македонските гурбетчии во соодветните земји за да ги напуштат, притоа посочувајки им ја Бугарија, Романија или Австрија.[82]

Освен тоа се предлага отворање на бугарска банка во Македонија, преку која пропагандно ќе се влијае. Потоа, искористување на Организацијата за борба против другите пропаганди, која треба да се помогне со оружје. За таа цел се препорачуват мали чети од по 7–8 души, а отпорот да не ги надминува границите што ги допушта политичката ситуација. Отпор со помалку афери и без крупни инциденти.[83]

На крајот, ако се има предвид, кревкото и привидно единство во Организацијата постигнато на Рилскиот конгрес, времето на подготвувањето на оваа програма, предвидените мерки и методи за преземање на контролата во ВМОРО, како и настаните и заострувањето на кризата што настапија по појавата на оваа програма, тогаш сосема е јасно и очигледно дека, бугарската влада и нејзината политика длабоко се вовлекле во тоа, и тие се основната причина за сè што се случило. Плановите за поддржување на умерените елементи во Организацијата, кои во реалност биле послаби, наспроти другите што се залагале за самостојна Македонија, довеле до крвав расплет на ситуацијата во ВМОРО и до големо самоистребување, кое резултирало со дефинитивен

79 Исто.

80 Исто.

81 Исто, 106.

82 Исто, 106.

83 Исто, 107.

расцеп. Може да се констатира дека бугарската политика од примената на оваа програма имала мал профит, но ВМОРО и Македонија доживеале вистинска катастрофа. Од друѓа страна, од оваа проекција се несетува подготвувањето на Бугарија за воjнички расплет на македонското прашање.

Vanco Gjorgjiev

## THE POLICY OF BULGARIA TOWARD MACEDONIA AND IMORO (1904 - 1906 ) (Summary)

The Macedonian question at the end of the XIX century and the beginning of the XX century took an important place in the Bulgarian foreign policy, but till 1904 there was no unique center where the entire Bulgarian policy toward the Macedonian question would be coordinated. For such purpose in 1904 the second political section was formed with the main task -dealing with the Macedonian works. This section-worked in the framework of the Bulgarian ministry for foreign affairs. Its first chief was Toma Karajovov. On the basis from the information's and the learning received by the reports of the trade agents and other investigative channels, the second political section prepared planes and programs upon which the Bulgarian policy toward MRO and Macedonia was created. At the same time the second political section recommended means and methods to the relevant Bulgarian institutions for the successful realization of the Bulgarian interests in Macedonia.